РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДРЖАВЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА

ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И ПРАВДА ЗА ДЕЦА

# АНАЛИЗА НА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА ЗА ДЕЦА ВО РИЗИК И ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОН

Април, 2026година

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

РСМ - Република Северна Македонија

НС -  Национална стратегија за превенција и правда за деца во Република Северна Македонија [2022- 2027 и Акциски план [2025-2027]

АП - Акциски план

ДС - Државен совет за превенција на детско престапништво и правда за децата

ГИ - Годишен извештај

ОС-Основен суд

ЗПД - Закон за правда за децата

## I. Вовед

Мерката лишување од слобода спрема дете е меѓународен стандард кој се уредува и со Конвенцијата на Обединети Нации за правата на детето.

Во член 37 од Конвенцијата се содржани значајни принципи за примена на лишувањето од слобода, процедуралните права на секое дете лишено од слобода и одредби за третманот и условите за деца лишени од слобода.

Во став б) од овој член се гарантира дека: "Дете не смее да биде лишено од слобода спротивно на закон или произволно. Задржувањето, притворањето или затворањето на дете треба да биде во согласност со закон и треба да се користи како последна мерка и за најкраток соодветен временски период."

Понатаму, во Општиот Коментар бр. 24(2019) за правата на децата во системот на правда за децата (General comment No. 24 (2019) on children's rights in the child justice system), донесен од Комитетот за правата на детето, се уредуваат следните водечки принципи за примена на мерката лишување од слобода: (а) задржувањето, притворот или казната затвор за дете треба да се применуваат во согласност со закон, како мерка во последен случај и за најкраток соодветен временски период и (б) дете не смее да биде лишено од слобода спротивно на закон или произволно.

ЗПД ги следи меѓународните стандарди и соодвено на тоа во Член 12 се уредува дека: "Задржување на детето и определувањето на мерката притвор се применува само како последно средство во постапката и под услови и во траење определени со овој закон."

### Предмет и цел на Анализата:

Оваа анализа содржи предглед на примена на мерката лишување од слобода за деца во ризик и деца во судир со закон преку индикаторите за следење на примена на ЗПД. Анализата нема за цел и не содржи законска регулатива за задржувањето, притворот и изрекувањето на казната затвор спрема дете и процедуаралните гаранции за тоа.

Реализацијата на оваа активност преставува **стратешка приоритетна област број 6: Институционални мерки, лишување од слобода и предвремен отпуст,** содржана во НС и АП.

**Национална стратегија за превенција и правда за деца во Република Северна Македонија [2022- 2027 и Акциски план [2025-2027]**

НС преставува стратешки документ која ја донесе ДС во 2022 година и преставува негова законска надлежност согласно Закон за правда за децата (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 66/2024).

Визијата на НС е: „За сите деца во Република Северна Македонија се обезбедува превенција од нивно доаѓање во допир со законот и пристап до систем за правда кој е по мерка на детето, родово-осетлив и соодветно приспособен да ги гарантира нивните права согласно меѓународните и норми и стандарди за правда за деца, заснован на сеопфатна национална правна рамка и меѓусекторска соработка помеѓу органите за правда за деца, социјална заштита, здравството и/или образованието. "

НС содржи 12 стратешки приоритетни области по целна група на деца:

- Ранливи деца кои се изложени на ризик да дојдат во судир со законот и деца под минималната возраст за кривична одговорност кои се инволвирани во престапништво,
- Деца над минималната возраст за кривична одговорност кои се во судир со законот,
- Деца жртви и деца сведоци на кривични дела вклучени во процесот на правда,
- Сите деца (во ризик од доаѓање) во контакт/судир со законот: [„трансверзални приоритети"]

Одделните стратешките области содржат образложение и дефинирани стратешки цели кои ќе бидат постигнати во сферата на примарна, секундарна и терцијарна превенција.

**Методолошки пристап**

За потребите на изработка на оваа анализа се користат годишните извештаи за работа на ДС за периодот од 2021-2024 година.

Годишниот извештај на ДС дава преглед на состојбата со правата на децата и детското престапништво на Република Северна Македонија во 2024 година, постигнатиот напредок во однос на препораките од претходниот извештај, клучните предизвици и насоки за нивно надминување. Во извештајот се содржани податоци за остварување на правата на децата, нивната заштита и реализираните превентивни мерки од страна на институциите.

Интегрален дел на ГИ се обработени податоци по: **Индикаторите за следење на имплементација на Законот за правда за децата и на состојбата со детското престапништво во Република Северна Македонија.**

ДС од 2014 година користи листа од 32 индикатори, а податоците ги собира од 87 институции во системот на правда за децата и тоа од: 8 Сектори за внатрешни работи, 30 Центри за социјална работа, 26 Основни судови, 22 Основни јавни обвинителства во Република Северна Македонија и Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција .

Овие 32 индикатори по кои се собирани податоците, во ГИ се прикажани преку 24 индикатори поради тоа што за осум индикатори се собираат податоци од сите сектори кои се компарираат и сублимирани во заеднички коментар.

**Анализа на податоци за примена на мерката лишување од слобода:**

Примената на мерката лишување од слобода се анализира преку следните индикатори:

**Индикатор 6: Задржани деца во полициска станица**

Со овој индикатор се мери процентот на деца кои биле задржани во полициска станица, во однос на вкупниот број повикани деца.

При тоа:

-Во **2024 година** од вкупно повикани 1246 деца, во полициска станица биле задржани 149, односно 12% од повиканите. Процентот на задржани деца е највисок во Скопје, каде се задржани 31% од повиканите деца. Во останатите градови, процентот на задржани деца се движи од 0% до 16%. Во однос на полот, 77% од задржаните деца се од машки и 23% од женски пол.

-Во **2023 година** од вкупно повикани 1484 деца, во полициска станица биле задржани 50, односно 3% од повиканите. Процентот на задржани деца е највисок во Тетово, каде се задржани 41% од повиканите деца. Во останатите градови, процентот на задржани деца се движи од 0% до 6%. Во однос на полот, 84% од задржаните деца се од машки и 16% од женски пол.

- Во **2022 година** бројот на задржани бил 56 деца а во **2021година** бројот на задржани бил 38.

Бројот на задржани деца во 2024 е за 198% повисок од 2023, кога биле задржани 50 деца и за 166% повисок од 2022 година кога бројот на задржани бил 56.

**Индикатор 18: Деца на кои е изречена заводска мерка.**

Со овој индикатор се мери бројот на деца на кои им е изречена заводската мерка.

- Во **2024 година** заводски мерки се изречени против 20 деца. Во воспитна установа се упатени осум деца а во воспитно-поправен дом (ВПД) 12 деца. Шеснаесет заводски мерки се изречени против машки деца, четири против женски деца.

- Во **2023 година** заводски мерки се изречени кон 12 деца, од кои во воспитна установа се упатени 6 деца и во ВПД се упатени 6 деца. Сите мерки се изречени против машки деца.

- Во **2022 година** заводски мерки биле изречени против 18 деца и против 12 деца во **2021 година.**

**Индикатор 19: Изречена казна затвор за деца**

Со овој индикатор се мери бројот на деца на кои им е изречена казна затвор за деца.

-Во **2024 година** казна затвор е изречена на шест деца, пет од машки и едно дете од женски пол. Казните се изречени од ОС Тетово, ОС Скопје и ОС Битола.

-Во **2023 година** казна затвор е изречена спрема четири деца, три од машки и едно дете од женски пол. Казните се изречени од ОС Тетово, ОС Кавадарци и ОС Скопје.

- Во **2022 година** казната е изречена на четири деца, а во **2021 година** на две деца.

**Индикатор 20: Деца во притвор**

Со овој индикатор се мери бројот на деца на кои им е определена мерка притвор.

-Во **2024 година** година мерка притвор е изречена на шест деца. Тоа е еднакво на 1,6 на 100.000 деца. Три се изречени од ОС Кочани, по една од ОС Прилеп, ОС Тетово и ОС Штип. Пет се изречени на деца од машки пол, една на дете од женски пол.

-Во **2023 година** оваа мерка им е изречена на 10 деца. Тоа е еднакво на 2,70 на 100.000 деца.

Седум се изречени од ОС Скопје, две од ОС Тетово, една од ОС Охрид. Девет се изречени на деца од машки пол, една на дете од женски пол.

-Во **2022 година** мерката била изречена на 11 деца, во **2021година** на седум деца.

## ЗАКЛУЧОЦИ:

ДС констатира дека во најголем број случаи се применуваат мерки/санкции кои не вклучуваат лишување од слобода на децата, што кореспондира со начелата содржани во Законот за правда за децата;

Одделно по мерки состојбата е следна:

-**ЗАДРЖАНИ ДЕЦА ВО ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА.** И покрај тоа што во 2024 година во полициска станица биле задржани 149, односно 12% од повиканите но сепак овој процент е значително повисок споредено со: 2023 година кога биле задржани 3% од повиканите, во 2022 година биле задржани 6% од повиканите и во 2021година 2% од повиканите (индикатор 6);

- **ЗАВОДСКИ ВОСПИТНИ МЕРКИ**: се забележува мало зголемување на изречените заводски воспитни мерки, кои во 2024 година биле изречени спрема 20 деца, во 2023 година за 12 деца, во 2022 спрема 18 деца а во 2021 година спрема 12 деца (индикатор 18);

- во воспитна установа се упатени 8 деца и во ВПД се упатени 12 деца, од кои 16 мерки се изречени спрема машки деца, а 4 спрема женски деца;

- **КАЗНА ЗАТВОР**: изрекувањето на казна затвор за деца е во многу мал процент. Во 2024 година оваа казна е изречена спрема 6 деца, од кои 5 се машки и едно женско дете. Во 2023 година била изречена на три деца, во 2022 година на 4 деца а во 2021 година на две деца (индикатор 19);

- **МЕРКА ПРИТВОР:** продолжува трендот на мал број на деца спрема кои е определена мерката притвор, па во 2024 година оваа мерка е изречена спрема 6 деца. Во 2023 година оваа мерка била определна спрема 10 деца, во 2022 година спрема 11 деца а во 2021година на седум деца (индикатор 20);

Одделно по **години** на изречени мерки состојбата е следна:

-Во **2021 година** во најголем број случаи се изречени: мерка задржување: 38 деца, потоа следуваат заводски воспитни мерки: 12 деца, мерка притвор: 7 деца и казната затвор: 2 деца;

-Во **2022 година,** во најголем број случаи се изречени: мерка задржување: 56 деца, потоа следуваат заводски воспитни мерки: 18 деца, мерка притвор: 11 деца и казната затвор: 4 деца;

-Во **2023 година,** во најголем број случаи се изречени: мерка задржување: 50 деца, потоа следуваат заводски воспитни мерки: 12 деца, мерка притвор: 10 деца и казната затвор: 4 деца;

-Во **2024 година,** во најголем број случаи се изречени: мерка задржување: 149 деца, потоа следуваат заводски воспитни мерки: 20 деца, мерка притвор: 6 деца и казната затвор: 6 деца;

**Користена литература:**


- Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбата за областа на правата на детето и детското престапништво од 2021- 202 година;
- Закон за правда за детето (Службен весник на РСМ број. 66/2024) и
- General comment No. 24 (2019) on children's rights in the child justice system.


Изработила:

Тања Кикерекова,

Член на Државен совет за превенција на детско престапништво и правда за децата